Бр. 15-1292

1.12.2014

Скопје

**До**
**Единиците на Универзитетот**

**Предмет: Интерен конкурс – ИИКСА**

Почитувани,

Во прилог ви го доставуваме Интерниот конкурс за распределба на средствата за информативни, информатички , културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за учебната 2014/2015 година.

Конкуроst трае 15 дена од денот на објавувањето, односно од 1.12.2014 година.

Конкурсот ви го доставуваме на ваше натамошна постапување.

Благодариме за соработката.

Со почит,

**Комисија за култура и спорт**
**Претседател**

**Проф. д-р Владимир Петрушевски**

Изготвил. Т.Б.
Одобрил: М.М.

Доставено до: Единиците на УКИМ,
АКУД „Мирче Ацев",
Студентскиот парламент на УКИМ
Универзитетски спортски сојуз

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk

Согласно со членовите 2, 3 и 7 од Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (бр. 02-770 од 30.12.2010 година, бр.02-770 од 11.2.211 година, бр. 02-712/19 од 3.11.2011 година, бр. 02-754/41 од 25.10.2012 година и бр. 02-965/7 од 28. 10. 2013 година) и Одлуката на Универзитетскиот сенат за распишување на Интерен конкурс бр. 02-1192/6 од 31.10. 2014 година, Комисијата за култура и спорт распишува

**И Н Т Е Р Е Н К О Н К У Р С**
**за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје за учебната 2014/2015 година**

**1.** Учесници во спортските и културните активности, кои финансиски ги помага Универзитетот, се студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

**2.** Спортските и културните активности, како и доделените финансиски средства треба да се реализираат до крајот на учебната 2014/15 година.

**3.** Дел од средствата од фондот на ИИКСА ќе се распределуваат врз основа на доставена програма на субјектите која ќе добие приоритет, и тоа:

- одделно за проектите од областа на спортот;
- одделно за проектите од областа на културата.

**4.** Сите проекти што ќе конкурираат треба да бидат организирани на ниво на универзитетски активности, а не во рамките на еден факултет.

Предност за доделување средства во областа на спортот ќе имаат лига-натпреварите.

**5.** Право да се јават на конкурсот, како организатори на проектите од областа на спортот и културата, имаат организациите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје формирани согласно со закон (универзитетски организации).

**6.** Сите прифатени студентски спортски и културни активности ќе бидат координирани од Студентскиот парламент.

Нема да бидат финансирани паралелно организирани исти спортски натпревари.

**7.** Апликантите на Конкурсот треба да доставaт:

- тековна состојба од Централниот регистар на РМ;
- статут;

- годишна програма за работа;
- конкретна програма за културните или спортските активности со:
  - називот на активноста што се организира;
  - термините за одржување на активноста;
  - вкупниот број на учесници;
  - местото на одржување;
  - за секоја активност: спецификација за потребни финансиски средства по ставки и вкупно потребни средства;
  - предвидената динамика на трошење на средствата;
  - назив, адреса и контакт со апликантот.

**8.** Апликантите на кои ќе им бидат доделени средства се должни да ги трошат овие средства исклучиво за одобрените спортски и културни активности, а до Комисијата за култура и спорт е потребно да доставуваат:

- периодичен извештај за потрошените средства за секоја реализирана активност во рок од 15 дена по завршувањето на активноста;
- завршен извештај за потрошените средства за активностите кој се доставува веднаш по законскиот рок за поднесување годишни пресметки на правните лица, односно во рок од 30 дена по завршување на семестарот.

Во извештајот треба да бидат искажани:

- направените трошоци по ставки;
- други елементи како доказ за наменско трошење на средствата.

**9.** Субјектите на кои им се доделени средства се должни да ги почитуваат сугестиите и препораките на Комисијата за култура и спорт.

**10.** Реализацијата на овој Конкурс ќе биде во согласност со одредбите од Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**11.** Конкурсот се објавува на 1.12.**2014** година, и трае 15 дена од сметано од денот на објавувањето.

Писмените пријави за учество на Конкурсот се доставуваат до Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бул. „Гоце Делчев" бр. 9, Скопје.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје